комитет, што требаше да се одржи во Горна Џумаја на 22 и 23 октомври 1944 година, на која разрешувањето на македонското национално прашање, требаше да добие практичен облик, односно да се напушти декларативниот пристап, кој очигледно го забавуваше и попречуваше природниот развој на македонското прашање.

Во четвртата и последна глава од трудот "Афирмација на македонската нација и култура во Пиринскиот дел на Македонија", даден ни е приказ за конкретните национални права и слободи, што ги уживаа Македонците од Пиринскиот дел. Тие главно беа манифестирани преку отворањето на курсеви за учители, односно школување на голем број ученици и студенти во училишните институции во НР Македонија. Пописот на населението, спроведен во декември 1946 година, беше највисок дострел на Македонците, бидејќи на најдобар начин, се потврди егзистирањето на македонскиот народ, чие афирмирање само се надополнува со отворањето и активностите на книжарниците на "Македонска книга" во Горна Џумаја, Петрич и Неврокоп, отворањето и дејноста на Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, како и сѐсрдната просветна ангажираност на наставниот кадар од НР Македонија, што беше на работа во Пиринскиот дел.

Во овој монографски труд, е прикажана совесноста на македонските раководители од Пиринскиот дел, за нивната доследна определеност кон идејата за присоединување на Пиринскиот дел на Македонија кон НР Македонија. Оваа формулација на државно-правниот статус на Македонија, најдобро го покажува расположението и желбите на целиот македонски народ, при што, бројните собири и собранија во Горна Џумаја, Свети Врач, Петрич, Неврокоп, Разлог и Банско, се најдобар показател за тоа.

Споменатата тематска целина, на виделина го презентира опортунистичкиот став и однос на бугарските партиски и државни раководители кон македонското национално прашање и неговото позитивно решавање, при што истовремено, се најавува дека Резолуцијата на Информбирото, од јуни 1948 година ќе претставува главен детерминирачки фактор за постепено укинување на националните права и слободи, што ги уживаа Македонците, во периодот од 1944 до 1948 година.

Вака компонираниот труд, претставува заокружена тематска целина низ која авторот дава одговор на најважните прашања, што се однесуваат на Македонците како домицијално мнозинско население во Пиринскиот дел на Македонија. Бројните прилози и документи нудат посебен аналитичен пристап и презентација, со што овој труд ќе биде достапен не само на научната, туку и на пошироката јавност.

Милчо АТАНАСОВ

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА,

годuна 40, бр. 1, стр. 230, Скопје, 1996 година

Во овој јубилеен број на гласникот ГИНИ (1957-1996) се внесени осум научни статии, коишто обработуваат неколку историски теми, претежно од македонската историја.

Во првата статија "Историските основи и претпоставки за уставните трансформации во Македонија 1946-1991 година, (педесет години по донесувањето на првиот устав на НРМ - 1946 година и пет години од уставот на Република Македонија - 1991)", Новица Велјановски, опширно се осврнува на донесувањето на првиот устав на НРМ во 1946 година и на законските акти,

коишто им дале белег на новоформираните социјалистички општествено-економски односи во тогашната Југословенска федерација. Притоа, Вељановски нагласува дека тој устав ги поставил темелите на македонската државност, без разлика на степенот на државноста, што Македонија ја имала во рамките на некогашна ФНРЈ, односно СФРЈ.

Лазар Лазаров во статијата "Големите сили и обединувањето на Македонија кон крајот и по Втората светска војна" (стр. 25-45), преку прикажувањето на француски дипломатски извештај од крајот на Втората светска војна и првите повоени години, отсликува нови моменти преку прашањето за обединување на поделена Македонија, кое што било поставувано во меѓусебните односи на Југославија, Бугарија и Грција, а било присутно и во политичките заткулисни игри на големите сили.

Авторот на статијата "Првата германска офанзива во Меглен (Операција Елефант) 3-13.01.1944 година (стр. 47-69), Тодор Симовски, преку документи и сеќавања на непосредни учесници на настаните од редовите на ЕЛАС, НОВ и ПОМ и бугарскиот партизански баталјон "Христо Ботев", дава детален опис на воените судири и битки, што со успех ги воделе здружените партизански единици на НОВ, ПОМ и ЕЛАС против германската војска од овој дел на Егејска Македонија, во почетокот на 1944 година.

Формирањето и активноста на КПГ во грчкиот политички живот во периодот 1918-1940 година, како и присуството на македонското прашање и односот на КПГ кон него е претставено во статијата на Ристо Кирјазовски "Социјалистичкото и Комунистичкото движење во Егејскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1940)" (стр. 71-84).

Петтата статија "Државотворните концепции на српскиот државник и политичар Никола Пашиќ" (стр. 85-96), е на авторот Драгољуб С. Петровиќ од СР Југославија. Во неа тој прави интересен осврт на познатиот српски политичар и државник Никола Пашиќ, со особен акцент на неговата улога во Балканските војни 1912 и 1913 година и во преговорите за создавање на Кралството СХС во 1917 и 1918 година.

Статијата "Борбата на велешаните за еманципација на Цароградската Патријаршија и прогонувањето на грчкиот владика" (стр. 97-102), на авторот Александар Трајановски, претставува една епизода од борбата на македонскиот народ против грцизмот што во Македонија го ширеле грчките владики од Цариградската патријаршија. Трајановски ја прикажал успешната борба на велешкото граѓанство против владиката Антим и извојувањето на црковно училиште во 70 години на XIX век, во градот Велес.

Во статијата "Завештанието на Евренос-бег во нихијата Конче" (стр. 103-110), Александар Стојановски се обидува да го лоцира точното место на вакафот на легендарниот османлиски благородник од XIV век, Евренос-бег. Користејќи турски документи од овој период како и локални топоними во околината на Радовиш, Стојановски смета дека тоа би можело да биде во близина на населбата Конче, каде се наоѓа гробот на Иса-бег, таткото на Евренос-бег.

Осмата статија "Струга и струшкиот регион од XI до XIV век" (стр. 111-125), на авторот Милан Бошкоски е целосно посветена на средновековна Струга, видена низ големиот број византиски, српски и турски изворни податоци, коишто авторот ги приложил во оваа статија.

Во рубриката посветена на идеи-поглрди-мислења е сместен трудот на Јован Донев "Некои теоретско-методолошки размисли за процесите на градење на современа македонска нација" (стр. 127-145). Во рубриката "Материјали" (стр. 147-188), се поместени "Доклад" на Панко Брашнаров за првата конференција на ВМРО(об.) на Вардарскиот дел на Македонија" од Иван Катарџиев, "Извештај на рускиот воен агент од Софија за предилинденските и илинденските настани во Македонија" од

Растислав Терзиоски и "Прилог кон новопронајдената ракописна оставнина на Владимир Ковачев (1875-1910), "Песни за Македонија" од Зоран Тодоровски.

Во последниот дел од списанието се наоѓаат критиките, рецензиите и приказите на најнови научни дела, како и делот на соопштенијата (стр. 191-230).

Никола ЖЕЖОВ

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, година 40, бр. 2, стр. 270, Скопје, 1996 година

Во овој број на ГИНИ се внесени 11 научни статии, со теми од различни историски периоди.

Владо Поповски во статијата "Државнотворниот карактер на востанијата и превирањата во Македонија во источната криза 1875-1881 година" (стр. 7-26), направил преглед на бурните настани во Македонија, во 70-те и 80-тегодини на минатиот век, со поголем акцент на државно-правниот карактер на актите и документите на овие настани, што го означувале почетокот на македонската државност. Поповски во овој контекст ги разгледал: Разловечкото востание 1876, востаничките активности во североисточна Македонија во 1878 година, Кресненското востание 1878, Македонската лига, Националното собрание на Македонија, Привремената влада на Македонија 1880 година и Брсјачката буна 1878-1881 година.

Во статијата "Виктор Берар и солунските атентатори во 1903 година" (стр. 27-44), авторот Манол Пандевски го претставил францускиот историчар, публицист и политичар Виктор Берар, кој преку своите говори, јавни настапи и преку неговата монографија "За Македонија", се претставил како голем бранител на делото на солунските атентатори и воопшто, на македонското ослободително движење, пред лицето на конзервативна Европа, која е непријателски расположена кон револуционерното движење во поробена Македонија.

Со употребата на документите од бугарските и српските архиви и разни монографии, статии и други материјали, Зоран Тодоровски во статијата "Врските на ВМРО со Италија во периодот меѓу свете светски војни" (стр. 45-65), претставил детален осврт на блиската соработка што ВМРО на Тодор Александров, а подоцна и Иван Михајлов, ја имала со фашистичка Италија, во периодот од 1918-1941 година.

Опис на појавата на првите училишта во Велес, во кои наставата се одвивала на народен македонски јазик, како и поширок список на учителскиот кадар, што поминал низ овие училишта, е даден во статијата на Александар Трајановски "Почетоци на националната преродба во Велес и Велешко од крајот на XVIII до средината на втората половина на XIX век" (стр. 67-82).

Петтата статија "Григор Прличев и Ѓорѓија Пулевски" (стр. 83-95), авторот Ванчо Тушевски ја посветил на горенаведените македонски преродбеници. Тој со богата фактографија, во статијата се осврнал на сличностите и разликите во пишувањата на Прличев и Пулевски, за чинот на укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година.

Истражувањата во македонските цркви и манастири од страна на рускиот славист и македонист Виктор Григорович во 1844/45 година, се прикажани во статијата на Боро Мокров "Сто и педесет години од патешествието на Виктор Григорович по Македонија" (стр. 97-104).

Глигор Тодоровски во статијата "Осврт за верскиот и општествениот живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето" (стр.